АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2019

# АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

## Годишен извештај

| | |
|---|---|
| Период за кој се известува: **2019**<br>Вкупен буџет: **16.707.000,00 денари**<br>Број на вработени: **23**<br>www.dzlp.mk | Одговорно лице:<br>Име и презиме: Имер Алиу<br>Звање: Директор<br>E-mail: info@privacy.mk<br>Телефон: 02/3230-635 |

СОДРЖИНА


1. РЕЗИМЕ ....5
2. ВОВЕД ....7
**МИСИЈАТА** ....7
**ВИЗИЈАТА** ....8
3. СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА ....9
4. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ, ПЛАН ЗА РАБОТА И СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ....11
**4.1 Препораки од Европската унија и реализација на итните реформски приоритети** ....11
**4.2 Активности за хармонизација со законодавството на Европската Унија** ....11
**4.3 НПАА – Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија** ....11
**4.4 Поткомитет за правда, слобода и безбедност** ....12
**4.5 Инспекциски надзор** ....12
**4.6 Студии на позначајни случаи** ....13
**4.7 Прекршочна постапка** ....13
**4.8 Управни спорови** ....14
**4.9 Дадени мислења, укажувања** ....14
**4.9.1 Усогласување на секторската регулатива** ....14
**4.9.2 Мислења дадени на контролори, обработувачи** ....15
**4.9.3 Постапување по претставки** ....15
**Претставки кои се однесуваат на социјалните мрежи** ....16
**Друг вид на претставки** ....17
**4.9.4 Издавање на одобренија за обработка на лични податоци** ....17
**4.9.5 Слободен пристап до информации од јавен карактер** ....17
**4.9.6 Централен регистар на збирки на лични податоци** ....18
**4.9.7 Спроведени обуки** ....18
**4.9.8 Односи со јавноста** ....19
**4.9.9 Пренос на лични податоци во други држави** ....20
5. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТЕЊЕТО ....21
6. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ....22
**6.1 Меѓународна соработка** ....22
**6.2 Учество на вработените на меѓународни настани, конференции поврзани со заштитата на личните податоци** ....23
**6.3 Проекти и странска помош** ....24
7. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ....25
**7.1 Реализација на буџетот за 2019 година – СМЕТКА тип 637** ....25
**7.2 Реализација на буџетот за 2018 година – СМЕТКА тип 631** ....25
**7.3 Реализација на буџетот за 2018 година – СМЕТКА тип 785-17** ....25
8. ЗАКЛУЧОЦИ ....27
9. ПРЕПОРАКИ ....28
10. ПРИЛОЗИ ....29

## 1. РЕЗИМЕ

Годишниот извештај за работата на Дирекцијата за заштита на личните податоци (Дирекцијата), ги елаборира активностите кои се преземени во текот на 2019 година, со цел подигање на нивото на заштита на личните податоци од страна на контролорите, спроведените инспекциски надзори, дадените мислења, како и преглед на преземените чекори за усогласување на македонското законодавство со законодавството на Европската Унија и на Советот на Европа во областа на заштитата на личните податоци.

Имајќи предвид дека во месец февруари 2020 година е донесен новиот Закон за заштита на личните податоци со кој Дирекцијата за заштита на личните податоци продолжува да работи како Агенција за заштита на личните податоци, секаде каде што Извештајот реферира на 2019 година е употребен терминот Дирекција и секаде каде што во Извештајот се говори за идни активности е употребен терминот Агенција[1].

При разгледувањето на овој извештај, треба да се има предвид дека Дирекцијата од 20.5.2019 година кога на директорот на Дирекцијата на негово барање му престана функцијата директор на Дирекцијата, се до 26.12.2019 година немаше директор, ниту заменик на директорот кој ќе може да ја претставува Дирекцијата, односно да потпишува акти. Ваквата состојба директно се одрази на работењето на Дирекцијата, а особено на бројот на спроведените редовни инспекциски надзори, дадените мислења по прописите кои ја уредуваат областа на личните податоци, како и врз бројот на спроведените обуки.

Извештајот, понатаму ги прикажува надлежностите, статусот, организациската поставеност и состојбата со човечките ресурси на Дирекцијата, како и потребата од нивно зајакнување како предуслов за гарантирање на нејзиниот независен статус и соочување со предизвиците со имплементацијата на новиот Закон за заштита на личните податоци, за да продолжи со приказ на реализираните активности и да заврши со наодите и препораките, како и заклучните согледувања во однос на заштитата на личните податоци.

Во текот на 2019 година имаше зголемена активност на Работната група формирана од Министерството за правда како надлежно ресорно министерство, во која работна група активно учествуваа и претставници на Дирекцијата, а во однос на текстот на новиот Предлог - закон за заштита на личните податоци подготвен од страна на Дирекцијата.

Дирекцијата согласно своите планови и цели, во фокусот на своето внимание во 2019 година ги имаше органите на државна власт во однос на усогласување на нивното работење со прописите за заштита на личните податоци.

Во следниот период, Агенцијата ќе се насочи кон имплементацијата на новиот Закон за заштита на личните податоци, за која цел веќе ги подготвува новите подзаконски акти, а воедно ќе се насочи и кон поддршка на контролорите и обработувачите за имплементација на истите.

Оттука, во Извештајот се содржани и главните препораки за наредниот период кои се однесуваат на интензивното усогласување на работата на контролорите и обработувачите со новиот Закон за заштита на личните податоци, како и зајакнувањето на независниот статус на Агенцијата за заштита на личните податоци, како круцијален предуслов за целосна имплементација на новиот закон.

[1] Новиот Закон за заштита на личните податоци е донесен на 16.2.2020 година и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/2020

## 2. ВОВЕД

Правната и институционалната рамка за заштитата на личните податоци е воспоставена со Законот за заштита на личните податоци, донесен во 2005 година кој е усогласен со Директивата 95/46 на Европската Унија.

Во земјите членки на Европската Унија почнувајќи од 25 мај 2018 година се применува Регулативата (ЕУ) 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци и слободното движење на овие податоци и за укинување на Директивата 95/46/ЕЗ (Општа регулатива за заштита на личните податоци), како и Директивата (ЕУ) 2016/680 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци од надлежните органи за целите на превенција, истрага, откривање или гонење на кривични прекршоци или извршување на кривични казни и за слободно движење на таквите податоци. Овие акти треба да одговорат на се поголемите ризици по однос на заштитата на личните податоци и приватноста од употребата на модерните технологии и масовната размена на лични податоци на глобално ниво.

Затоа донесувањето на нови закони со кои ќе се транспонираат ЕУ Општа регулатива за заштита на личните податоци и Полициската Директива се од исклучителна важност, а воедно тоа се главните препораки на Европската комисија во извештаите за напредокот на земјата во оваа област.

Новиот Закон за заштита на личните податоци, предвидува поголеми права за поединците, и поголеми обврски и казни за контролорите и обработувачите, а зголемени се надлежностите на Дирекцијата, сега веќе како Агенција.

Со донесувањето на новата законска регулатива, контролорите и обработувачите се исправени пред голем предизвик, бидејќи се воведува новиот принцип на отчетност според кој тие треба практично да докажат дека се усогласени со законот преку конкретни мерки и процедури, а воедно се воведуваат и сосема нови концепти во областа на заштитата на личните податоци како што се на пример проценката на влијанието врз заштитата на личните податоци (Data Protection Impact Assessment) и техничката и интергирана заштита на личните податоци (Data protection by design and by default).

Поради тоа, од исклучителна важност е зајакнувањето на независниот статус на Агенцијата преку обезбедување на соодветни финансиски и човечки ресурси, но и спроведување на активности за поддршка на контролорите и обработувачите и информирање на јавноста со цел да се овозможи ефективна имплементација на новата законска регулатива.

Затоа,

**МИСИЈАТА** на Агенцијата останува да биде јакнењето, промоцијата и заштитата на приватноста и на податоците на физичките лица, преку спроведување на супервизија, давање насоки, како и мислења во согласност со законските прописи,

додека

**ВИЗИЈАТА** е да биде препознатлив заштитник и промотор на правото на приватноста на физичките лица во однос на обработката на нивните лични податоци, со мотивиран тим подготвен да одговори на предизвиците од дигиталната ера.

**Стратешките цели на Агенцијата (Дирекцијата)** утврдени во Стратегијата за остварување на правото на заштита на личните податоци 2018-2022 се:

1. Република Северна Македонија да биде препознаена како земја која обезбедува соодветно ниво на заштита на личните податоци;
2. Воспоставување на самоодржлив систем за заштита на личните податоци;
3. Континуирано зголемување на јавната свест и културата за заштита на личните податоци;
4. Континуирано унапредување на усогласеноста помеѓу контролорите и обработувачите на личните податоци;
5. Континуирана соработка со партнерите;
6. Зголемување на ефикасноста на административните процедури;
7. Ефективно справување со меѓународните прашања; и
8. Обучен и мотивиран тим подготвен да одговори на предизвиците.

## 3. СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

Дирекцијата е самостоен и независен државен орган, одговорен за заштита на правото на заштита на личните податоци на физичките лица, загарантирано во член 18 од Уставот.

Со Дирекцијата раководи директор кој го избира Собранието со мандат од 5 години и право повторно да биде избран, а воедно, директорот има заменик.

Дирекцијата постапува согласно Законот за заштита на личните податоци од 2005 година, кој е усогласен со Директивата 95/46 на Европската Унија, која е заменета со Општата регулатива за заштита на личните податоци во Европската Унија (која е транспонирана со новиот Закон за заштита на личните податоци).

Дирекцијата како главен креатор на политиките, мерките и дејствијата кои што треба да се преземаат за доследно спроведување на прописите за заштита на личните податоци на национално ниво, ги има следните законски надлежности:

- Утврдува повреда на правото на заштита на личните податоци на физичките лица;
- Врши инспекциски надзори кај контролори и обработувачи;
- Дава мислења по предлози на прописите за заштита личните податоци;
- Издава претходно одобрение за обработката на личните податоци (биометриски, генетски, податоци во врска со расното или етничко потекло);
- Издава забрани за обработка на лични податоци на контролорите;
- Издава одобренија за пренос на личните податоци во други држави;
- Врши обука за заинтересираните контролори;
- Води прекршочна постапка;
- Остварува меѓународна соработка.

Во Дирекцијата, заклучно со 31.12.2019 година вкупно се вработени **23** лица (директор и заменик директор – избрани на 26.12.2019 година, 19 административни службеници и две лица помошно-технички персонал), што претставува 48% пополнетост од реалните потреби за ефективно работење, бидејќи во систематизацијата се предвидени 46 работни места со вкупно 50 извршители.

Во првата половина на 2019 година Дирекцијата ја напуштија 1 административен службеник, како и претходниот директор. Оттука, останува заклучокот дека Дирекцијата, односно сега Агенцијата има значителен недостаток од човечки ресурси и дека овој предизвик треба да се реши како приоритетен и тоа преку унапредување на постојните вработени со цел нивно задржување, како и со пополнување на дел од работните места преку вработување, но и со обезбедување на целосна самостојност и независност на Агенцијата воопшто, а особено во делот на управувањето со човечките ресурси. Ова е дополнително важно, ако се има предвид и новата ЕУ Регулатива во областа на заштитата на личните податоци која се транспонира со новиот закон, со кој уште повеќе се прошируваат надлежностите и одговорностите на Агенцијата, па недостатокот од човечки ресурси ќе биде уште поизразен.

Оттука, приоритет за наредниот период ќе биде вработувањето на нови кадри и унапредување на постојните во повисоки звања, како и целосно финансиско осамостојување на Агенцијата преку посебен буџет во рамки на Републичкиот буџет и негово соодветно зголемување кое ќе овозможи правилен одговор во однос на спецификите и тежината на областа која се зголемува со примената на новиот Закон за заштита на личните податоци.

Целосен преглед во однос на внатрешната организација и структурата на вработените според: правична застапеност, пол, старосна структура, степен на образование, вид на образование,

категории на нивоа на административни службеници и звања, се дадени во делот Прилози како прилози бр. 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8.

## 4. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ, ПЛАН ЗА РАБОТА И СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

### 4.1 Препораки од Европската унија и реализација на итните реформски приоритети

Во однос на препораките на Европската комисија од мај 2019, позитивен напредок е што на 5 декември 2019 година Република Северна Македонија го потпиша Протоколот за измена на Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на личните податоци (CETS бр.223), со што се создадоа претпоставки за целосно нормативно усогласување на македонското законодавство со правните инструменти за заштитата на личните податоци на Советот на Европа.

Исто така, иако не е предмет на извештајот за 2019 година, важно е да се нагласи дека во месец февруари 2020 година е донесен и новиот Закон за заштита на личните податоци со што се изврши усогласување на националното законодавство со Општата регулатива за заштита на личните податоци 2016/679. Останува, во претстојниот период да се донесе и закон со кој ќе се транспонира и Директивата (ЕУ) 2016/680 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година (Полициската директива), со што ќе се заокружи нормативното усогласување со правото на Европската Унија во оваа област.

### 4.2 Активности за хармонизација со законодавството на Европската Унија

Продолжија активностите за донесување на новиот Закон за заштита на личните податоци за транспонирање на Општата регулатива за заштита на личните податоци 2016/679 на ЕУ на Европската унија кој беше започнат од 2017 година. Имено, Дирекцијата како дел од Работната група формирана од страна на Министерството за правда работеше на целосно усогласување на одредбите на новиот Предлог-закон за заштита на личните податоци со одредбите на Општата регулатива за заштита на личните податоци 2016/679 на Европската Унија и беа побарани мислења од Државната комисија за спречување на корупција, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Секретаријатот за европски прашања и Секретаријатот за законодавство.

Сето ова конечно резултираше со донесување на новиот Закон за заштита на личните податоци во февруари 2020 година со што се изврши нормативно усогласување на македонското законодавство со правните инструменти за заштитата на личните податоци на Европската Унија.

Единствено во 2019 година не беше започнат процесот на донесување на нов закон за транспонирање на Директивата (ЕУ) 2016/680 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година (Полициска директива) од страна на Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи, што ќе остане како приоритет за 2020 година.

### 4.3 НПАА – Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија

Со оглед дека новиот Закон за заштита личните податоци не беше донесен до крајот на 2019 година, не беа започнати дел од активностите предвидени за 2019 година во Поглавјето 23 – Правосудство и фундаментални права од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА), како: донесување на подзаконски акти согласно новиот закон, зајакнување на независниот статус на институцијата, подготовка на студија за хармонизација на секторските прописи, добивање на мислење за адекватност на нивото на заштита на личните податоци од Европската комисија во однос на пренос на личните податоци, јакнење на позицијата на офицерите за заштита на личните податоци, поддршка на контролорите и граѓаните за правата и обврските од новиот закон. Сепак, значајно е да се истакне дека на почетокот на 2020 година Собранието успеа да го донесе новиот Закон за заштита на личните податоци со што се создадени претпоставки за реализација на наведените активности со забрзано темпо што ќе биде цел и предизвик на Агенцијата во наредниот период.

### 4.4 Поткомитет за правда, слобода и безбедност

Претставници на Дирекцијата учествуваа на 14-иот состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи, што се одржа во Скопје на 26 ноември 2019, откако преку писмен одговор беше презентирано дека законот не е усогласен Општата регулатива за заштита на личните податоци и Полициската Директива, но и дека продолжува негативната практика да не бидат земени во предвид препораките на Дирекцијата кои ги дава на други институции при донесување на законските и подзаконски предлози од другите области.

### 4.5 Инспекциски надзор

Преку спроведување на редовни, вонредни и контролни[2] инспекциски надзори, Дирекцијата утврдува дали контролорите и обработувачите вршат обработка на личните податоци на законит и правичен начин и дали правата на физичките лица во конкретни случаи биле повредени.

Редовните инспекциски надзори генерално беа фокусирани на проверка на законитоста на обработката од страна на независните државни органи и агенции, финансиски друштва, агенции за недвижности, адвокати.

Вонредните инспекциски надзори беа главно за незаконска обработка на лични податоци во спортски обложувалници, извршители, видео надзор во приватни домови и станбени згради. Дирекцијата по службена должност поведе вонредни инспекциски надзори за контрола на видео надзорот во неколку хотели во земјата.

Статистички изразено, во сите области кои беа предмет на надзор во текот на 2019 година, извршени се **вкупно 190 инспекциски надзори од кои 55 редовни, 117 вонредни и 18** контролни инспекциски надзори. Дополнително, Секторот за инспекциски надзор постапуваше и во 53 инспекциски надзори кои беа префрлени од 2018 година.

Од **редовните надзори**, 37 се извршени во приватниот сектор, 16 во јавниот сектор, додека 2 се извршени кај физички лица – контролори.

Од **вонредните надзори**, 68 се извршени во приватниот сектор, 28 во јавниот сектор и 21 кај физички лица – контролори. Во однос на вонредните надзори, 13 инспекциски надзори беа спроведени по сопствена иницијатива/сознание на инспекторите.

Од **контролните надзори**, 17 се извршени во приватниот и 1 во јавниот сектор.

Во споредба со претходната година, зголемен е бројот на вонредни надзори за 9%, но намален е бројот на редовни надзори за 65% и на контролни надзори за 33%. Намалениот број на редовни инспекциски надзори е поради тоа што немаше директор ниту заменик на директорот за да може формално да се одобрат и реализираат месечните планови за инспекциски надзор.

Во делот Прилози дадени се графички прикази со инспекциски надзори според сектори, како прилози бр. 9 и 10.

Во спроведените инспекциски надзори се донесени 47 решенија со кои е утврдена повреда на Законот за заштита на личните податоци, додека во 48 случаи барањето за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци е одбиено поради тоа што не е утврдена повреда на законот или немало формални услови за поведување на инспекциска постапка.

Во делот Прилози е прикажана табелата со вид и број на утврдени повреди во инспекциските надзори, како прилог бр. 11. Во делот Прилози е табелата со број на извршени инспекциски надзори по области и подобласти, како прилог бр. 12.

[2] Според член 44-б од Законот за заштита на личните податоци, редовните инспекциски надзори се спроведуваат според годишна програма која ја донесува директорот, вонредните инспекциски надзори на иницијатива на правно или физичко лице или државен орган, а контролните инспекциски надзори по истек на рокот за отстранување на недостатоците утврдени со решението.

### 4.6 Студии на позначајни случаи

Овие студии на позначајни случаи од спроведените инспекциски надзори се дадени во делот Прилози, како прилог бр. 15.

### 4.7 Прекршочна постапка

Во случаите кога е утврдена повреда на Законот за заштита на личните податоци, инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Комисијата за одлучување по прекршок на Дирекцијата.

Комисијата за одлучување по прекршок постапуваше по вкупно 12 прекршочни постапки, од кои осум барања за поведување на прекршочна постапка беа префрлени од 2018 година, и четири барања за поведување на прекршочна постапка се поднесени во 2019 година.

Во однос на осумте барања од 2018 година за кои постапката беше продолжена во 2019 година за пет барања се донесени решенија со кои се изрекува глоба за правното и одговорното лице во правното лице, за едно барање е донесено решение со кое се изрекува опомена, а за два предмети не е изречена прекршочна санкција поради немање услови за изрекување.

Во однос на четири прекршочни постапки поведени во 2019 година, за едно барање е донесено решение со кое се изрекува глоба за правното лице и одговорното лице во правното лице, а за останатите три барања, постапките продолжуваат во 2020 година.

Причините за изречени прекршочни санкции се утврдени поради повреди на одредбите на законот во однос на обработката на личните податоци преку вршење на видео надзор, не применување на соодветни технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, непостоење на договорно уредени права и обврски помеѓу контролорот и обработувачот.

Агенцијата ќе продолжи со зголемување на бројот на прекршочни постапки за утврдените повреди на законот со цел исполнување и на препораките во извештаите за напредокот на Европската комисија, но ова во голема мера ќе зависи и од одобрените финансиски средства за Агенцијата за да може со полн капацитет да ги остварува своите надлежности.

### 4.8 Управни спорови

Контролорите кои се незадоволни од решенијата донесени од страна на инспекторите може да поднесат тужба до Управниот суд, односно да поведат управен спор.

Во 2019 година пред Управниот суд се поведени вкупно 8 управни спорови против решенија донесени во вонредни инспекциски надзори, кои се уште се во тек.

Оспорените решенија се однесуваат на незаконско вршење видео надзор во хотел и семејна куќа, работни односи во здравствена установа, објавување на предлог за поведување на дисциплинска постапка, обработка на ЕМБГ во образецот на изјавата со која се согласуваат/или не се согласуваат управувањето со станбениот објект да премине во надлежност на контролорот.

Во текот на 2019 година донесени се вкупно 14 пресуди на Управниот суд и Вишиот управен суд, од кои 12 пресуди се за управни спорови поведени пред 2019 година.

Имено, 4 тужби против решенија на инспекторите се уважени од Управниот суд, додека 6 тужби се одбиени како неосновани и е потврдена законитоста на донесените решенија на инспекторите. Во однос на постапките по жалби, Вишиот управен суд има донесено 4 пресуди со кои се одбиваат жалбите на контролорите, и се потврдуваат пресудите на Управниот суд и одлуките на Дирекцијата.

## 4.9 Дадени мислења, укажувања

Дирекцијата континуирано учествува во креирањето на политиките и дава поддршка на контролорите и обработувачите за усогласување со прописите на заштита на личните податоци преку дадените мислења и укажувања.

Преглед на дадените мислења по предлог-закони се дадени во делот Прилози, како прилог бр. 14.

### 4.9.1 Усогласување на секторската регулатива

Продолжува слабиот напредок во процесот на усогласување на секторската легислатива со Законот за заштита на личните податоци, со што не се имплементираат и препораките дадени во Извештајот на Прибе.

Дадени се вкупно 13 мислења, што е за 6 мислења помалку од поднесените барања за мислења од претходната година.

Дирекцијата постојано укажува дека при подготвување на предлозите на новите законски и подзаконски решенија, потребно е применување во целост на одредбите од членот 68 став 1 точка 12 и став 3 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија односно да не се разгледуваат на седница на работните тела и на Владата материјалите кои регулираат прашања од областа на заштита на личните податоци, без претходно обезбедено мислење од страна на Дирекцијата, а со цел обезбедување на конзистентност во правниот систем на Република Северна Македонија од аспект на доследно имплементирање односно усогласување со начелата за заштита на личните податоци предвидени во прописите за заштита на личните податоци.

Очекуваме дека со донесувањето на новиот закон за заштита на личните податоци оваа негативна практика ќе се надмине и консултацијата на Дирекцијата при донесување на законски и подзаконски акти поврзани со заштита на личните податоци ќе биде задолжителна законска обврска.

### 4.9.2 Мислења дадени на контролори, обработувачи

- **75 мислења се дадени за усогласеност на документацијата за техничките и организациските мерки** за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, кои се побарани од локална самоуправа, образование, здравство, индустрија и култура.

- **63 мислења** се дадени за прашања во врска со практичната примена на законот, од кои 27 беа од контролори од приватен сектор, а 36 од контролори од јавен сектор

Најголем дел од бараните мислења се за: обработка на биометриски податоци, особено за евиденција на работното време, давање на лични податоци на користење од евиденциите, односно овозможување на пристап, објавување на категории на лични податоци, правила за наградна игра во однос на категориите на лични податоци коишто можат да ги собираат и/или објавуваат, уредување на однос меѓу контролор и обработувач, како и давање на лични податоци врз основа на слободен пристап до информации од јавен карактер.

- **9 укажувања** за правилна примена на законот се доставени од кои: 1 е доставено до контролор од приватен сектор, 1 до физичко лице, а 7 до контролори од јавниот сектор.

По дадените укажувања целосно постапија 4 контролори, еден е во фаза на преземање дејствија, а по однос на останатите 4 укажувања, се уште немаме добиено информација за превземените дејствија по однос на укажувањата, а кои се однесуваа на подзаконски акти правилници.

### 4.9.3 Постапување по претставки

Дирекцијата постапи по претставките кои беа поднесени од физички и правни лица, а кои се однесуваат на прашања и повреди поврзани со обработката на личните податоци и нивна заштита.

Вкупниот број на претставки за 2019 година е **356**, што е за 10% помалку од претходна година, но е во рамки на просекот на годишно ниво.

60 % од вкупниот број претставки се за злоупотреби на социјални мрежи, 40 % за друг вид на претставки

- 317 претставки се поднесени од физички лица, 39 од правни лица
- 275 од претставките се поднесени електронски, а 81 писмено
- Дадени усни мислења и информации на странки преку телефон – 632
- Одржани консултации со странки во просториите на Дирекцијата – 254

<u>**Претставки кои се однесуваат на социјалните мрежи**</u>

Претставки кои се однесуваат на социјалните мрежи за 2019 година се 216.

**Според причината за пријавување**, најкарактеристични се претставките од физички лица (103) кои се однесуваат на лажни профили, понатаму (71) за пробиени (хакирани) профили, (17) претставки се однесуваат за објавување на туѓи фотографии, видео и аудио снимки на туѓи профили на социјални медиуми, (11) за злоупотреба на лични податоци при учествување во лажни наградни игри на социјалните медиуми, како и (5) претставки кои се однесуваат за навреда, клевета и уцена преку интернет. Од вкупниот број на претставки (15) се однесуваат на повреда на правото на заштита на личните податоци на малолетни лица на социјалните мрежи.

**Според социјалната мрежа на која се однесуваат претставките**, најголемиот број се однесуваат на Facebook (151), потоа на Instagram (59) и дополнително одреден број од претставките (13) се однесуваат на Snapchat, YouTube, Twitter, Tinder, xHamster и Yahoo.

Поради зголемениот број на поплаки од граѓаните во врска со креирањето на лажни профили на социјалните мрежи, Дирекцијата на својата веб-страница објави насоки за граѓаните како најлесно да пријават и избришат лажен профил креиран со нивни лични податоци кои помогнаа за намалување на пријавите.

Голем дел од случаите кои граѓаните ги пријавуваат за социјалните мрежи, се поврзани со вршење на кривични дела, навреди, уцени и закани, за кои Дирекцијата не е надлежна.

Поради тоа, Дирекцијата работеше на склучување на Меморандум за соработка со Министерството за внатрешни работи, меѓутоа истиот не беше потпишан поради немањето на директор, поради што очекуваме да се реализира во текот на 2020 година.

Воедно, со држење на предавања во училиштата за младите како и објавување на содржини на својата веб страна и профил на социјалните мрежи, Дирекцијата и понатаму ќе работи на подигнување на јавната свест кај граѓаните за заштита на личните податоци на приватноста на социјалните мрежи.

Графички и табеларен приказ на претставките на социјалните мрежи е даден во делот Прилози, како прилози бр. 16 и 17.

<u>**Друг вид на претставки**</u>

40% од претставките се однесуваа на следната проблематика: обработка на лични податоци преку системот за вршење на видео надзор во станбени згради и куќи; права на субјектите на лични податоци; директен маркетинг; начинот на остварување на своето право на заштита на

личните податоци; во однос на обработка на матичен број и/или лична карта (копија); балансот/рамнотежата помеѓу слободен пристап до информации од јавен карактер и личните податоци, односно кога и кои лични податоци можат да бидат објавени/јавно достапни, а кои се заштитени лични податоци, особено во однос на податоците на вработените и друго.

### 4.9.4 Издавање на одобренија за обработка на лични податоци

Согласно член 29 од Законот за заштита на личните податоци, Дирекцијата издава одобрение за обработка на единствен матичен број на граѓанинот, податоци за етничко и расно потекло, генетски податоци и биометриски податоци, освен ако нивната обработка не е предвидена со закон.

Во 2019 се поднесени 6 барања за одобрение за обработка на биометриски податоци, од кои во 2 случаи е запрена е постапката по барање на странките кои се откажале од барањето, а за четири постапката беше пролонгирана поради немањето директор и заменик директор, но истите продолжија, откако беше избран нов директор и постапките се во тек.

Од 4 барања од 2018 кои беа префрлени за работа во 2019 година, 3 се одобрени (2 се однесуваа на одобрување обработка на глас, а 1 се однесуваше на одобрување за обработка на отпечаток од прст), а 1 е одбиено од причина што не го оправда легитимниот интерес за воспоставување на збирка на лични податоци за обработка на биометриски податок - обработка на глас.

Поднесено е и 1 барање за обработка на единствен матичен број на граѓанинот, за кое постапката е во тек.

Контролорите кои имаат поднесено барања за одобрение за обработка на лични податоци се од областа на поштенски услуги, пензиски фондови, финансиски друштва и трговија.

### 4.9.5 Слободен пристап до информации од јавен карактер

Во 2019 година до Дирекцијата беа поднесени вкупно шест (6) барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, со тоа што на пет (5) барања беше позитивно одговорено, додека за едно од барањата е доставено известување дека поради немање на директор/одговорно лице во Дирекцијата нема услови за одговор  на барањето.

Генерално, овие барања се однесуваа на доставување на копија од документација од предмети по инспекциски надзор, дадени мислења на Дирекцијата, информации за активности на Дирекцијата во изработка на документ предвиден во акцискиот план на Стратегија за реформа на јавната администрација 2018-2022.

### 4.9.6 Централен регистар на збирки на лични податоци

Во текот на 2019 година тековно се реализираше регистрирањето и ажурирањето на контролорите и нивните збирки на лични податоци во Централниот регистар на збирки на лични податоци на Дирекцијата.

Централниот регистар помага за информирање на граѓаните за збирките на лични податоци што ги водат контролорите, но и за интерни согледувања и анализи за состојбите со збирките со личните податоци во одделни области и можност од насочено делување.

Во периодот за кој се однесува извештајот, во Централниот регистар на збирки на лични податоци се регистрирани вкупно **82 контролори** и **367 збирки на лични податоци.**

Во текот на 2019 година вкупно 117 пријавени нови офицери за заштита на личните податоци, од кои 82 пријавени офицери преку Централниот регистар на збирки на лични податоци и 35 поднесени известувања за промена на офицерите за заштита на личните податоци.

Во текот на 2019 година се поднесени:

- 43 поднесени барања за промена на параметрите за најава во системот на Централниот регистар на збирки на лични податоци
- 7 поднесени известувања за трансформација и промени кај контролорите
- 15 поднесени известувања за ажурирање на постојните пријавени збирки на личните податоци во Централниот регистар на збирки на лични податоци.

### 4.9.7 Спроведени обуки

Дирекцијата заклучно со месец мај 2019 година организираше и спроведе 8 обуки за тајност и заштита на личните податоци наменети за контролите и обработувачите.

Со обуките беа опфатени 136 учесници, од кои најголемиот дел од учесниците на обуките беа од областа на градежништво, игри на среќа, трговија и државни органи. Причините за значителниот пад на бројот на реализирани обуки во споредба со претходните години се поврзани токму со фактот што Дирекцијата практично од мај па се до крајот на 2019 година немаше директор кој ќе може полноправно да ги планира (потпишува) плановите за обука, како и во име на Дирекцијата да ги склучува договорите за обука со заинтересираните страни. Имајќи го предвид фактот дека во месец февруари 2020 година е донесен новиот Закон за заштита на личните податоци и во услови кога сеуште не се донесени подзаконските акти, Агенцијата во првиот квартал на 2020 година ќе се фокусира на изработка на нови курикулуми за обуки, а се со цел за подготовка на квалитетни и сеопфатни обуки кои освен одредбите од законот ќе содржат и теми во кои се разработени подзаконските акти. Ова од една страна ќе резултира со отпочнување на обуките во вториот квартал од годината, што значи дека бројот на обуките ќе биде помал во однос на претходните години (имајќи предвид дека состојбата со човечките ресурси-вработените кои се обучени и имаат компетенции за спроведување на обуки е непроменета), но од друга страна обуките кои ќе се испорачаат ќе бидат квалитетни, содржајни и сеопфатни и ќе овозможат слушателите на истите да бидат подготвени да одговорат на новите предизвици за имплементирање на прописите за заштита на личните податоци.

### 4.9.8 Односи со јавноста

Дирекцијата ја информираше јавноста преку објавување на информации за својата работа, едукативни видеа наменети за граѓаните, контролорите и офицерите за заштита на лични податоци на својата веб-страница и на Фејсбук страницата на Дирекцијата.

Потврда за интересот на содржините објавени на веб-страницата на Дирекцијата е посетеноста која во 2019 имаше нови **6.486** корисници. Од друга страна, на Фејсбук страницата граѓаните покажаа најмногу интерес за информациите во врска со прописите за поставување на видео надзор, препораките за безбедно користење на интернетот и социјалните мрежи кај младите и за техничките и организациските мерки при обработка на личните податоци.

- Во март 2019 година, во текот на предизборните кампањи за претседателските избори, Дирекцијата го преведе и објави на својата веб-страница објави до јавноста мислење од Европскиот одбор за заштита на личните податоци  во врска со употребата на лични податоци во текот на политичките кампањи за да ја зголеми свеста на политичките партии но и јавноста за оваа тема.
- Во март 2019 година, поради зголемените пријави за злоупотреба на личните податоци на граѓаните преку организирање на лажни наградни игри на социјалните мрежи Дирекцијата објави соопштение на својата веб страна кое беше доставено и до медиумите
- Во март 2019 година, генералниот секретар на Дирекцијата учествуваше на инфосесија на тема: Заштитата на личните податоци како едно од приоритетните прашања во функционирањето на бизнис секторот.

- На 16 мај 2019 година, генералниот секретар на Дирекцијата во годишното обраќање до Собранието на Република Северна Македонија го претстави годишниот извештај за работа на Дирекцијата за 2018 година.
- На 24 септември и на 25 декември 2019 година, лицето за односи со јавност учествуваше на третиот и четвртиот јавен состанок на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. На состаноците беше дискутирано за предизвиците поради растот на т.н. „лажни вести“, етичко известување за трансродовите лица и прашањата кои ги засегаат и родова структура на сопственоста кај телевизиите и радијата.

**Соработка со медиумите:**

Како и претходните години така и оваа 2019 година, Дирекцијата одговори на повици за гостување во емисии и на електронски медиуми, интервјуа, барања за поставени прашања од медиумите. Од позначајните настани во делот за односи со јавност ги издвојуваме:

Во октомври 2019 година, претставник на Дирекцијата даде интервју со електронскиот медиум „Види Вака“, на тема донесување на новиот Закон за заштита на личните податоци кој целосно ќе ја транспонира европската регулатива.

- Во ноември 2019 година, лицето за односи со јавност даде интервју за телевизија во врска со застојот на работата на Дирекцијата поради немање на директор и заменик директор.
- Во ноември 2019 година, лицето за односи со јавност даде интервју за телевизија во врска со зголемениот тренд на користење на видео камери во возилата и последователните последиците врз приватноста на граѓаните.
- Во декември 2019 година, лицето за односи со јавност даде интервју за телевизија во врска нерешената состојба на Дирекцијата во однос на недостаток на раководно лице – директор.

#### 4.9.9 Пренос на лични податоци во други држави

Во текот на 2019 година е постапено по вкупно 28 пријави за пренос на лични податоци, кои се однесуваат за пренос на лични податоци во земји на Европската унија и Европскиот економски простор и 4 барања за пренос на лични податоци во трети земји за кои е потребно Дирекцијата да даде одобрение согласно одредбите од член 33-а од Законот за заштита на личните податоци.

Воедно, дадени се 17 мислења/препораки на контролорите за различни прашања поврзани со преносот на личните податоци и усогласување на потребната документација.

Во делот Прилози е даден преглед на бројот на поднесените пријави за пренос на лични податоци во ЕУ и Европскиот економски простор, примени барања за одобрение за пренос во трети земји, како и дадени мислења/препораки во врска со пренос на лични податоци во други држави, како прилози бр. 18, 19 и 20.

Во однос на збирките на лични податоци кои се обработуваат односно се пренесуваат, од страна на контролорите најчесто се однесуваат на лични податоци на вработени, кандидати за вработување, надворешни соработници, клиенти, доставувачи итн.

Најчести цели поради кои се врши преносот е поддршка на процесите за управување на човечки ресурси на компании кои се дел од меѓународни групации, одржување и техничка поддршка на информациски системи, правење на сигурносна копија и услуги во облак (cloud services) итн.

Вкупно се одржани 13 консултативни состаноци со претставници од контролорите при што беа разгледани повеќе прашања кои особено се однесуваат на појаснување на договорни клаузули, преземање на технички и организациски мерки при пренос на лични податоци и обезбедување на документација со која се докажуваа дека се обезбедени соодветни гаранции за заштита на приватноста при преносот.

## 5. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТЕЊЕТО

Агенцијата и понатаму презема мерки да се поттикне и зголеми употребата на сервисите за електронско поднесување на барања и поднесување на документи за полесен пристап на контролорите и граѓаните до нашите услуги, како и користење на нови технологии за спроведување на супервизиите над заштита на личните податоци, согласно новиот Закон за заштита на личните податоци, а кои беа овозможени преку реализираните проекти кофинансирани од Европската Унија.

Така, во 2019 година, 109 од поднесените барања и иницијативи за утврдување повреда на право и вршење на инспекциски надзор се поднесени преку веб-платформата на нашата веб страна www.dzlp.mk, а континуирано се зголемува и бројот на корисници на посебната веб платформа за размена на информации со контролорите и граѓаните (е-пријави), како и платформата специјализирана за офицерите за заштита на лични податоци (DPO Corner).

Воедно, за потребите на вршење на инспекциски надзор се користи специјализираната алатка за пронаоѓање на ранливости на веб страните (APPSCAN) преку која може да се генерираат извештаи со кои се проверува исполнувањето на неколку регулативи и стандарди меѓу кои и Општата регулатива за заштита на личните податоци на ЕУ (GDPR), ISO 27001 и др.

## 6. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Дирекцијата во соработка со Министерството за информатичко општество и јавна администрација учествуваше во подготовката на Методологијата за идентификација, каталогизација и приоритизација на податочните сетови, предвидена во Акцискиот план на Стратегијата за отворени податоци 2018-2020, и го подготви делот за анонимизација на личните податоци пред објавување на податочните сетови како отворени податоци.

Претставник на Дирекцијата учествува работилниците на Експертската работна група на Меѓуресорското тело за човекови права формирано со одлука на Владата на Република Северна Македонија како дел од националниот механизам за следење на имплементацијата на препораките дадени од Обединетите нации во однос на човековите права, а Дирекцијата е вклучена во точката 17 од Планот на систематизирани препораки од ОН за 2019 кој се однесува на прислушувањето.

Од соработката со организации од невладиниот сектор, Дирекцијата учествуваше на два настани организирани од Фондацијата „Метаморфозис". Имено, во октомври 2019 година, претставници на Дирекцијата зедоа учество на настанот „Модели на отчетност во функционирањето на безбедносниот систем во Република Северна Македонија", а во ноември 2019 година, учествуваше на тркалезна маса „Правната усогласеност на Општата регулатива (ОРЗЛП) и Полициската директива 2016/680 во националното законодавство", која се одржа во рамките на 15. Меѓународна конференција „E-Society.mk – Отворени институции и отчетност" во Скопје во организација на Фондацијата „Метаморфозис".

### 6.1 Меѓународна соработка

**<u>Соработка со органите за заштита на личните податоци од регионот</u>**

Во духот на негување на квалитетна и континуирана соработка помеѓу надзорните тела за заштита на личните податоци на Северна Македонија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Србија, Словенија и Косово како земји од поранешна Југославија е создадена „Иницијатива 20i7". Во периодот од 26-29 мај 2019 година, во Будва, Црна Гора, Дирекцијата со свои претставници учествуваше на Третиот состанок на Иницијатива 20i7" на кој беа претставени разните фази на усогласеноста на националните законодавства со Општата регулатива за заштита на личните податоци на ЕУ и сличните проблеми со кои се соочуваат земјите учеснички.

**<u>Европски одбор за заштита на личните податоци</u>**

Дирекцијата има статус на набљудувач на работата на Европскиот одбор за заштита на личните податоци кој е независно тело за соработка помеѓу надзорните тела за заштита на личните податоци кое донесува мислења, водичите, препораки за унифицирана примена на новата Општата регулатива за заштита на личните податоци на ЕУ и создавање на најдобри практики за нејзина примена.

Оттука, следењето на работата на ова тело е од исклучителна важност за Дирекцијата, поради што претставници на Дирекцијата присуствуваа на три пленарни седници на Европскиот одбор за заштита на личните податоци:

- „8-ма пленарна седница на Европскиот одбор за заштита на личните податоци", Брисел, Белгија, 12-13 март, 2019 година;
- „10-та пленарна седница на Европскиот одбор за заштита на личните податоци", Брисел, Белгија, 14-15 мај, 2019 година;
- „11-та пленарна седница на Европскиот одбор за заштита на личните податоци", Брисел, Белгија, 4 јуни, 2019 година.

На овие седници се дискутираше за взаемното дејствување помеѓу Директивата за приватност на електронските комуникации и Општата регулатива за заштита на личните податоци,

донесување насоки во однос донесувањето на кодекси на однесување и шеми на сертификации, употребата на лични податоци во текот на изборните кампањи и други прашања.

**<u>Консултативен комитет на Конвенцијата 108/81 на Советот на Европа</u>**

Како и секоја година, претставник на Дирекцијата и оваа година учествуваше на пленарните седници на Комитетот за Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на личните податоци 108/81 на Советот на Европа, каде главни теми на дискусија беа модернизација на Конвенцијата, механизам за оценување и последователност според Конвенцијата 108+, прекугранични пристап до лични податоци за спроведување на законот и заштита на личните податоци на децата во образовните системи.

- 38-ма пленарна седница на Консултативниот комитет на Конвенцијата 108“, Стразбур, Франција, 12-14 јуни, 2019 година, во организација на Советот на Европа;
- „39-та пленарна седница на Консултативниот комитет на Конвенцијата 108“, Стразбур, Франција, 19-21 ноември, 2019 година, во организација на Советот на Европа;

### 6.2 Учество на вработените на меѓународни настани, конференции поврзани со заштитата на личните податоци

Претставник на Дирекцијата одржа презентација на тема „Предизвиците од имлементација на Општата регулатива за заштита на личните податоци во Европската Унија“ на „4-та меѓународна конференција за кибер-безбедност и приватност“, Приштина, Косово, 15-16 мај, 2019 година, во организација на организацијата Кибер-безбедност и приватност.

Воедно, наши претставници учествуваа на настан “Една година од примената на Општата регулатива за заштита на личните податоци, размислувања во ЕУ и надвор од ЕУ“, Брисел, Белгија, 13 јуни, 2019 година, во организација на Европската комисија.

Во рамки на студиската на посета за размена на искуства за успешни практики на ефикасен парламентарен надзор одржана во Љубљана, Словенија на 4-5 септември 2019 година, а во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, наш претставник учествуваше на состаноци со Комисионерот за информации на Република Словенија и со претставници на Народниот Правобранител на Република Словенија, при што е разгледана улогата на граѓанскиот сектор во законодавната и надзорна улога на Собранието на Република Словенија.

Претставник на Дирекцијата ја претстави националната законска рамка за обработка на личните податоци за истражувачки цели во рамки на „Работилницата за правните и етички аспекти на управувањето со податоци за истражување и отворена наука во земјите на Југоисточна Европа“, која се одржа во Белград, Србија на 11 декември, 2019 година, во организација на Конзорциум на Европски архиви за општествена наука, CESSSDA, а по покана на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања од Скопје, на кој беа присутни и претставници на националните органи за заштита на личните податоци на Република Србија и Република Хрватска.

### 6.3 Проекти и странска помош

Во пресрет на донесување на новиот закон за заштита на личните податоци Дирекцијата работеше на новиот предлог проект со цел понатамошно зајакнување на капацитетите на Дирекцијата за имплементација на новиот Закон за заштита на личните податоци, поддршка на контролорите и обработувачите, но и подигање на јавната свест на граѓаните во врска со новиот закон.

Поради тоа, беше подготвено проектно фише за Твининг проект преку ИПА инструментот на Европската унија, кое беше доставено до делегацијата на Европската Унија и Секретаријатот за европски прашања за кое постапката ќе продолжи во 2020 година, а со оглед дека во февруари 2020 година се донесе новиот закон, создадени се сите претпоставки за започнување се реализација на Проектот.

Преку ИПА/2017 проектот „Сузбивање на сериозен криминал во Западен Балкан“ кофинансирано до Европската унија и германското сојузно Министерство за економска соработка и развој,  беа обезбедени средства за да се овозможи присуството на вработени на Дирекцијата на пленарни седници на Европскиот одбор за заштита на личните податоци.

## 7. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

### 7.1 Реализација на буџетот за 2019 година – СМЕТКА тип 637

Буџетот на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2019 година, на сметката 637, е планиран на **16.707.000 денари**.

Од вкупниот одобрен буџет на Дирекцијата за 2019 година во износ од 16.707.000,00 денари, реализирани се 76,73%, односно 12.818.595,00 денари. Во однос на структурата на Буџетот со сите одобрени пренамени на средства во текот на 2019 година, 12.857.000,00 денари или 77,00% од средствата се однесуваат на основни плати и придонеси за социјално осигурување, 3.550.000,00 денари или 21,20% од средствата се однесуваат на стоки и услуги, 50.000,00 денари или 0,30% се однесуваат на ставката разни трансфери, 100.000,00 денари на купување опрема и машини, односно 0,60% и 150.000,00 денари за вложувања и нефинасиски средства износ од 150.000,00 денари, или 0,90%.

Од дадените податоци е видно дека одобрениот буџет на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2019 година е помал од одобрениот буџет за 2018 година за 403.000,00 денари, во делот наменет за плати и придонеси, како резултат на одлив на вработени и нереализирани согласности за вработување, како и за 200.000,00 денари одобрени во 2018 година за одржување на конференција.

Од Прегледот на реализација на финансиските средства за 2019 година во споредба со одобрениот буџет за 2019 година е видно дека нивото на реализација на вкупниот буџет е 76,73%, што претставува висок процент на реализација на истите, како и реално планирање на буџетот за 2019 година. Во однос процентот на реализацијата во 2019 година, укажуваме дека во Дирекцијата за заштита на личните податоци во периодот мај-декември 2019 година немаше именувано директор, заради што не се реализираа дел од средствата во буџетот.

### 7.2 Реализација на буџетот за 2018 година – СМЕТКА тип 631

Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2019 година на сметката 631 е планиран на 3.020.000 денари.

Дирекцијата за заштита на личните податоци по основ на обуки за заштита на лични податоци за заинтересирани обработувачи и контролори на лични податоци во текот на 2019 година оствари приход од 302.654,00 денари.

Од вкупниот одобрен буџет на проектирани приходи на Дирекцијата за 2019 година во износ од 3.020.000,00 денари, реализирани се 0,23% односно 7.061,00 денари. Во однос на структурата на реализираните средства 85,8% или 6.061,00 денари од средствата се однесуваат на патни и дневни расходи, а само 14,2% или 1.000,00 денари од средствата се однесуваат на стоки и услуги.

### 7.3 Реализација на буџетот за 2018 година – СМЕТКА тип 785-17

Буџетот на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2019 година на сметката 785-17 е планиран на 60.000,00 денари.

Дирекцијата за заштита на личните податоци, по основ на договор за донација со Норвешкото министерство за надворешни работи, во текот на 2019 година располагаше со средства во износ од 53.912,00 денари, како прилив пренесени од 2018 година по основ на договорот МАК-14-0014, за реализација на проектот „Континуирана поддршка за унапредување на системот за заштита на личните податоци“.

На ден 21.11.2019 година средставта во износ од 53.912,00 денари се вратени на Норвешкото министерство за надворешни работи, со што салдото на оваа сметка е 0,00 денари.

Табеларни и графички прегледи на Буџетот, заедно со неговата структура, реализација, компарација и по ставки се дадени во делот Прилози, како прилози бр. 21, 22, 23, 23-а, 24, 24-а, 25, 26, 27 и 28.

## 8. ЗАКЛУЧОЦИ

Годишниот извештај дава приказ на реализираните активности за реформирање на легислативата за заштита на личните податоци и заштита на приватноста, спроведените инспекциски надзори, дадените мислења и укажувања, но и застојот на активностите со кои се соочуваше поради тоа што седум месеци немаше директор ниту заменик на директорот.

Агенцијата и понатаму ќе се залага да се зајакне нејзиниот независен статус и да се обезбедат независни буџетски средства и дополнителни човечки ресурси, бидејќи сето ова е неопходно за да може да ја имплементира новата законска регулатива за заштита на личните податоци.

Во оваа смисла, останува потребата за обезбедување на нови вработувања, како и предвидување на дополнителни буџетски средства за мотивирање, задржување и понатамошно професионално унапредување на човечките ресурси во Агенцијата со цел да се спречи одливот на постојниот стручен и обучен кадар.

## 9. ПРЕПОРАКИ

Имајќи предвид дека во месец февруари 2020 година Собранието на Република Северна Македонија го донесе новиот Закон за заштита на личните податоци, Агенцијата во следниот период на преоден режим предвиден во Законот ќе се фокусира кон усогласување на своето работење со одредбите на новиот закон, како и подготовка и донесување на новите подзаконски акти кои произлегуваат од Законот, а со што ќе се овозможи во најкраток можен рок негова целосна имплементација.

Исто така, фокусот на активности ќе биде во насока на кон секторското усогласување на законите и другите прописи со кои се уредува обработката на личните податоци, како и усогласувањето на работењето на контролорите и обработувачите со одредбите на новиот Закон за заштита на личните податоци.

За реализацијата на сите нови надлежности кои се предвидуваат со Законот, ќе биде потребно Министерството за финансии да одобри (одобрува) зголемени буџетски средства вклучувајќи и средства за нови вработувања, како и за унапредување на постојниот кадар.

Ова се едни од главните препораки и на Европската комисија во извештаите за напредокот на земјата во оваа област, како и Извештајот на експертскиот тим на Рајнхард Прибе.

Со оглед дека во новиот закон за заштита на личните податоци се предвидува преоден период од 18 месеци за контролорите и обработувачите за да се усогласат со новите правила за заштита на личните податоци, активностите на Агенцијата ќе бидат насочени и кон подигнување на јавната свест и нивна поддршка преку изработување на практични насоки, обрасци и процедури, како и реализација на обуки во оваа област.

Дирекцијата континуирано укажува дека треба да престане негативната практика кога се донесуваат нови законски решенија кои предвидуваат обработка на лични податоци да не се бара претходно мислење од Дирекцијата, но и доследно да се почитуваат дадените мислења и укажувања на Дирекцијата дадени на други институции.

### Прилог бр. 1: Органограм на Дирекцијата за заштита на личните податоци




### Прилог бр. 2: Правична застапеност на вработените

| Припадност на заедница | Ж | М | Вк. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Албанци | 2 | 4 | **6** | 26,09% |
| Власи | 0 | 1 | **1** | 4,35% |
| Македонци | 10 | 6 | **16** | 69,57% |
| **Вкупно** | **12** | **11** | **23** | 100,00% |

### Прилог бр. 3: Полова структура на вработените

| Пол | Вк. | Вкупно |
|---|---|---|
| Жени | **12** | 52,17% |
| Мажи | **11** | 47,83% |
| **Вкупно** | **23** | 100,00% |

**Прилог бр. 4: Старосна структура на вработените**

| Возраст | Жени | | | | Мажи | | | | ВК. | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | А | В | М | ВК. | А | В | М | ВК. | | |
| 18-25 | | | | **0** | | | 1 | **1** | **1** | 4,35% |
| 26-30 | | | | **0** | | | | **0** | **0** | 0,00% |
| 31-35 | 1 | | 4 | **5** | 1 | | 2 | **3** | **8** | 34,78% |
| 36-40 | 1 | | 2 | **3** | 1 | | | **1** | **4** | 17,39% |
| 41-45 | | | 1 | **1** | 2 | | | **2** | **3** | 13,04% |
| 46-50 | | | 2 | **2** | | 1 | 1 | **2** | **4** | 17,39% |
| 51-55 | | | | **0** | | | 1 | **1** | **1** | 4,35% |
| 56-60 | | | 1 | **1** | | | 1 | **1** | **2** | 8,70% |
| 61- | | | | **0** | | | | **0** | **0** | 0,00% |
| **Вкупно** | **2** | **0** | **10** | **12** | **4** | **1** | **6** | **11** | **23** | 100,00% |

**Прилог бр. 5: Структура според степен на образование**

| Степен на образование | Жени | | | | Мажи | | | | ВК. | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | А | В | М | ВК. | А | В | М | ВК. | | |
| ВСС | 2 | | 9 | **11** | 3 | 1 | 5 | **9** | **20** | 86,96% |
| ССС | | | 1 | **1** | 1 | | | **1** | **2** | 8,70% |
| ОУ | | | | **0** | | | 1 | **1** | **1** | 4,35% |
| **Вкупно** | **2** | **0** | **10** | **12** | **4** | **1** | **6** | **11** | **23** | 100,00% |

**Прилог бр. 6: Структура според вид на образование**

| Вид на образование | Жени | | | | Мажи | | | | ВК. | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | А | В | М | ВК. | А | В | М | ВК. | | |
| д-р | | | | **0** | | | 1 | **1** | **1** | 4,35% |
| м-р | | | 3 | **3** | 1 | | 1 | **2** | **5** | 21,74% |
| VII/1 или VI A | 1 | | 6 | **7** | 2 | 1 | 2 | **5** | **12** | 52,17% |
| VI B | 1 | | | **1** | | | 1 | **1** | **2** | 8,70% |
| ССС | | | 1 | **1** | 1 | | | **1** | **2** | 8,70% |
| ОУ | | | | **0** | | | 1 | **1** | **1** | 4,35% |
| **Вкупно** | **2** | **0** | **10** | **12** | **4** | **1** | **6** | **11** | **23** | 100,00% |

**Прилог бр. 7: Структура според категорија на административни службеници**

| Категорија | Жени | | | | Мажи | | | | ВК. | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | А | В | М | ВК. | А | В | М | ВК. | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Директор | | | | **0** | 1 | | | **1** | **1** | 4,35% |
| Заменик директор | | | | **0** | | | 1 | **1** | **1** | 4,35% |
| Генерален секретар | | | | **0** | | | | **0** | **0** | 0,00% |
| Раководител на сектор | | | | **0** | | 1 | | **1** | **1** | 4,35% |
| Пом. раководител на сектор | | | | **0** | | | | **0** | **0** | 0,00% |
| Раководител на одделение | 1 | | 4 | **5** | | | 2 | **2** | **7** | 30,43% |
| Советник | | | 2 | **2** | | | | **0** | **2** | 8,70% |
| Виш соработник | | | | **0** | | | | **0** | **0** | 0,00% |
| Соработник | | | 2 | **2** | 2 | | | **2** | **4** | 17,39% |
| Помлад соработник | 1 | | 1 | **2** | | | 1 | **1** | **3** | 13,04% |
| Самостоен референт | | | | **0** | | | 1 | **1** | **1** | 4,35% |
| Виш референт | | | | **0** | | | | **0** | **0** | 0,00% |
| Референт | | | | **0** | | | | **0** | **0** | 0,00% |
| Помлад референт | | | | **0** | 1 | | | **1** | **1** | 4,35% |
| Домаќин | | | 1 | **1** | | | | **0** | **1** | 4,35% |
| Хигиеничар | | | | **0** | | | 1 | **1** | **1** | 4,35% |
| **Вкупно** | **2** | **0** | **10** | **12** | **4** | **1** | **6** | **11** | **23** | 100,00% |

**Прилог бр. 8: Структура според звања на административни службеници**

| **Звање** | **Жени** | | | | **Мажи** | | | | **ВК.** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | А | В | М | ВК. | А | В | М | ВК. | | |
| Директор | | | | **0** | 1 | | | **1** | **1** | 4,35% |
| Заменик директор | | | | **0** | | | 1 | **1** | **1** | 4,35% |
| Раководител на сектор | | | | **0** | | 1 | | **1** | **1** | 4,35% |
| Раководител на одделение | 1 | | 4 | **5** | | | 2 | **2** | **7** | 30,43% |
| Советник | | | 2 | **2** | | | | **0** | **2** | 8,70% |
| Соработник | | | 2 | **2** | 2 | | | **2** | **4** | 17,39% |
| Помлад соработник | 1 | | 1 | **2** | | | 1 | **1** | **3** | 13,04% |
| Самостоен референт | | | | **0** | | | 1 | **1** | **1** | 4,35% |
| Помлад референт | | | | **0** | 1 | | | **1** | **1** | 4,35% |
| Домаќин | | | 1 | **1** | | | | **0** | **1** | 4,35% |
| Хигиеничар | | | | **0** | | | 1 | **1** | **1** | 4,35% |
| **Вкупно** | **2** | **0** | **10** | **12** | **4** | **1** | **6** | **11** | **23** | 100,00% |

**Прилог бр. 9: Извршени инспекциски надзори по вид на сектор**




**Прилог бр. 10: Редовни, вонредни и контролни надзори по сектори**



**Прилог бр. 11: Преглед на број на повреди по видови утврдени во инспекциските надзори**

| Вид на повреда на Законот за заштита на личните податоци | Број на повреди во редовни инспекции | Број на повреди во вонредни инспекции | Вкупен број на повреди по вид |
|---|---|---|---|
| ДЗЛП не е известена за збирките на лични податоци на контролорот на лични податоци | 3 | 3 | 6 |
| Не се издадени овластувања и не се дефинирани права на пристап на вработените (член 24, 25) | 24 | 11 | 35 |
| Не е назначен офицер  за заштита на личните податоци | 4 | 4 | 8 |
| Обработка на лични податоци без законска основа | | 8 | 8 |
| Личните податоци не се бришат откако ќе заврши периодот на чување или целта на обработката е исполнета | 34 | 3 | 37 |
| Не се почитуваат принципите на законитост, правичност, пропорционалност и точност на податоците | 17 | 19 | 36 |
| Контролорот на личните податоци обработува копија на лични документи без законска основа | 16 | 1 | 17 |
| Остварување на правата на субјектите на лични податоци до информации, пристап, исправка и бришење на личните податоците | 34 | 7 | 41 |
| Контролорот на лични податоци нема евиденција на личните податоци кои биле дадени на користење (чл. 34) | 38 | 2 | 40 |
| Правата и обврските за обработка на личните податоци помеѓу контролорот на личните податоци и обработувачот на личните податоци не се регулирани во договор | 60 | 3 | 63 |
| Преносот на лични податоци до други земји не е пријавен во ДЗЛП или одобрен од ДЗЛП | 7 | | 7 |
| Недостаток на технички и организациски мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци | 64 | 41 | 105 |
| Обработка на биометриски, генетски податоци или единствен матичен број без одобрување од страна на ДЗЛП | 1 | | 1 |
| Видео надзорот не е регулиран од контролорот на личните податоци и се изведува за незаконски цели (9-б) | 24 | 4 | 28 |
| Субјектите на лични податоци не се информирани за видео надзорот, видео надзорот е прекумерен и не е соодветен за целта (9-а) | 20 | 9 | 29 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Видео надзор без согласност на сите станари | | 4 | 4 |
| Политиката за приватноста не е јасно и добро дефинирана | | 2 | 2 |
| Незаконска обработка за директен маркетинг | | 1 | 1 |

**Прилог бр. 12: Преглед на инспекциски надзори по области и подобласти**

| Област | Подобласт | Надзори |
|---|---|---|
| Градежништво | | 24 |
| Други | | 24 |
| Индустрија и транспорт | | 1 |
| Локална самоуправа | | 4 |
| Лотарија и игри на среќа | | 17 |
| Политички партии | | 2 |
| Работни односи | | 1 |
| Телекомуникации и пошти | | 7 |
| Трговија | | 18 |
| Физички лица | | 16 |
| Здравство | Здравствени установи и друг здравствени институции | 3 |
| Комунални дејности и енергетика | Друго | 3 |
| | Енергетика | 13 |
| Маркетинг | Call-центри | 1 |
| Медиуми | Електронски | 4 |
| Образование | Високо образование (државни универзитети, факултети и високи школи) | 1 |
| | Средно образование | 2 |
| Органи за спроведување на законот | Други | 1 |
| | Министерство за внатрешни работи | 7 |
| Правосудство | Адвокати, нотари и извршители | 9 |
| | Други | 2 |
| | Судови | 1 |
| Социјална заштита | Детска заштита | 1 |
| | Социјална заштита | 1 |
| Туризам и угостителство | Друго | 1 |
| | Туристички агенции | 1 |
| | Хотели и ресторани | 3 |
| Финансии | Банки и менувачници | 5 |
| | Друго | 10 |
| | Недвижности | 5 |
| | Осигурителни компании | 1 |
| | Приходи и даноци | 1 |

| Вкупно | | 190 |
|---|---|---|

## Прилог бр. 13: Преглед на регистрирани контролори и збирки на лични податоци по организациски форми

| Вид на правно лице | Бр. на контролори | Бр. на збирки на лични податоци |
|---|---|---|
| Лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон | 3 | 13 |
| Акционерско друштво (АД) | 5 | 28 |
| Државен орган | 4 | 41 |
| Друштво со ограничена одговорност (ДОО) | 27 | 91 |
| Друштво со ограничена одговорност од едно лице (ДООЕЛ) | 30 | 122 |
| Здравствена организација | / | 3 |
| Здравствена установа | 2 | 1 |
| Здружение на граѓани | 1 | 6 |
| Јавна служба | 1 | 4 |
| Јавно претпријатие | 2 | 15 |
| Образовно-воспитна | 1 | 3 |
| Образовно-научна установа | 1 | / |
| Орган на државна управа | 2 | 5 |
| Останати комори и деловни здруженија | 1 | 2 |
| Подружници и претставништва на странски друштва | 2 | 7 |
| Суд | / | 12 |
| Установа која врши јавна дејност | / | 4 |
| Фонд | / | 10 |
| **Вкупно** | **82** | **367** |

## Прилог бр. 14: Листа на предлози на закони за кои е дадено стручно мислење

1. Закон за Централен регистар на население – Министерство за информатичко општество и администрација
2. Закон за електронско управување и електронски услуги – Министерство за информатичко општество и администрација
3. Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги – Министерство за информатичко општество и администрација
4. Закон за Агенција за национална безбедност – Министерство за внатрешни работи
5. Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за народна банка на РСМ - МФ
6. Предлог закон за спречување и заштита од насилство врз жената и домашното (семејно) насилство – Министерство за труд и социјална политика
7. Уредба за начинот на одржување на Интегрираната база на податоци за странци вклучувајќи податоци за азил, миграции и визи, како и меѓусебни односи на надлежните органи во процесот на одржување на Базата – Министерство за внатрешни работи
8. Уредба за обезбедување на тајност, заштита и безбедност на податоците содржани во Интегрираната база на податоци за странци вклучувајќи податоци за азил, миграции и визи – Министерство за внатрешни работи
9. Закон за управување со движење на предметите во судовите – Министерство за правда
10. Правилник за водење на регистар на членови на комора на здравствени работници со средно, вишо и високо стручно образование на Република Северна Македонија - Комора

на здравствени работници со средно, вишо и високо образование на Република Македонија
11. Правилник за изменување на Правилникот за формата и содржината на барањето и упатството за пополнување на барање за овластување на лицата - обучувачи за вршење на обука на машиновозачи за општа професионална способност, за стручно познавање и компетентност во врска со железничкото возило и стручно познавање и компетентност во врска со железничката инфраструктура, формата и содржината на образецот на овластувањето и формата и содржината на Регистарот на издадени овластувања - Министерство за транспорт и врски
12. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за обезбедување на безбедност и интегритет на јавните електронски комуникациски мрежи и услуги и активности кои што операторите треба да ги преземат при нарушување на безбедноста на личните податоци – Агенција за електронски комуникации
13. Правилникот за дополнување на Правилникот за формата и содржината на потврдата за стекнати знаења, вештини и компетенции на практикантот, описот на практикантската работа и времетраењето на практикантската работа – Министерство за труд и социјална политика.

**Прилог бр. 15: Студии на позначајни случаи**

<u>Инспекциски надзор во спортските обложувалници</u>

Во 2019 година, 15% од вонредните инспекциски надзори се однесуваа на злоупотреба на личните податоци од страна на спортските обложувалници.

Во периодот за кој се однесува извештајот почна да се користи системот е-персонален данок e-pdd.ujp.gov.mk заради потврдување или коригирање на пополнетите годишни даночни пријави изготвени од страна на Управата за јавни приходи за приходите кои граѓаните ги оствариле во текот на 2018 година.

За добивка од посебните игри на среќа (во казино, обложувалница, автомат клуб) граѓаните имаа обврска по истекот на 2018 годината, а најдоцна до 31 мај 2019 година, да ги потврдат или да ги коригираат податоците за приходите и платениот персонален данок во пополнетата годишна даночна пријава.

Граѓаните се жалеа дека во нивно име се исплаќале добивки од игри на среќа, а за злоупотребата дознале кога требале да ја потврдат годишната даночна пријава за 2018 година.

Од извршената анализа на документацијата и утврдената состојба од спроведените инспекциски надзори, може да се констатира дека спортските обложувалници:

- немаа воспоставено интерни процедури за проверка на квалитетот на податоците на клиентите (проверка на процесот за ажурирање-корекција, бришење или сопирање на користењето на личните податоци на клиентите);
- вработените не беа информирани за заштита на личните податоци;
- не се водела евиденција за секој авторизиран пристап (запис/лог) при обработка на личните податоци преку апликативниот софтвер и при директниот пристап до базите на податоци

Од страна на спортските обложувалници преземени се корективни мерки за да се отстранат утврдените повреди и тоа:

- заради подобрување на постапките за идентификација на клиентите и проверка на точноста и ажурираноста на податоците, од страна на Асоцијација на спортски обложувалници на Македонија е преземена иницијатива за изнаоѓање на трајно решение за верификација и ажурирање на податоците на играчите со надлежните институции, но за истото ќе треба да се усвојат измени на одредени законски решенија;

- за евиденција на секој авторизиран пристап (запис/лог) при обработка на личните податоци, започнати се постапки за набавка на софтверски решенија за мониторинг и ревизија „Database Activity Monitoring“.

Инспекциски надзор во Министерството за внатрешни работи

Дирекцијата по барање на граѓанин спроведе инспекција во Министерството за внатрешни работи, при што се утврди дека не се преземени соодветни мерки за физичка заштита на документацијата која содржи лични податоци, повредени се правилата за рокови на чување на личните податоци и нивно бришење/уништување, не постојат логови за пристап до личните податоци. Министерството за внатрешни работи презеде корективни мерки за да ги отстрани повредите.

**Прилог бр. 16: Претставки на социјалните мрежи по години**




**Прилог бр. 17: Претставки по социјални мрежи**

| Опис | Социјална мрежа | Малолетни лица | Број |
|---|---|---|---|
| Лажни профили | Facebook, Instagram, Snapchat, Tinder, Twitter | 12 | **103** |
| Хакирани профили | Facebook, Instagram, Snapchat, Yahoo | 2 | **71** |
| Неовластено објавување на фотографија, видео и аудио снимка на туѓ профил | Facebook, Instagram, YouTube, xHamster | 1 | **17** |
| Навреда, клевета и уцена преку интернет | Facebook, Instagram | | **5** |
| За лажни наградни игри | Facebook | | **11** |
| Останати претставки | Facebook, Twitter | | **9** |
| **Вкупно** | | **15** | **216** |

**Прилог бр. 18: Пријави за пренос на лични податоци во ЕУ и Европскиот економски простор**

| Сектор | Земја | Број на пријави |
|---|---|---|
| Банкарство | Р. Словенија | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Р. Бугарија<br>Германија<br>Р .Австрија | 1<br>1<br>1 |
| Работни односи | Р. Грција | 1 |
| Образование | Австрија<br>Велика Британија | 1<br>1 |
| Енергетика | Австрија<br>Германија | 1<br>1 |
| Здравство | Обединетото кралство | 1 |
| Производство | Германија<br>Кралство Холандија<br>Швајцарија<br>Р. Ирска<br>Р. Грција | 2<br>1<br>1<br>1<br>1 |
| Осигурување | Словенија<br>Р. Австрија | 6<br>1 |
| Маркетинг | Франција | 1 |
| Игри на среќа | Полска<br>Р. Австрија | 2<br>1 |
| Телекомуникации | Швајцарија | 1 |
| **Вкупно** | | **28** |

**Прилог бр. 19: Примени барања за одобрение за пренос во трети земји**

| Сектор | Земја | Одобрени | Одбиени | Запрена постапка | Во тек |
|---|---|---|---|---|---|
| Банкарство | САД | 1 | / | / | / |
| Здравство | САД | 1 | / | / | / |
| Телекомуникации | САД | 1 | / | / | / |
| Трговија | Србија | 1 | / | / | / |
| **Вкупно** | | **4** | / | / | / |

**Прилог бр. 20: Дадени мислења/препораки во врска со пренос на лични податоци во други држави**

| Мислење - прашања | Сектор | Број на мислења |
|---|---|---|
| Мислења/препораки во однос на документацијата и општи прашања во врска со пренос на личните податоци во други држави | Правосудство, Банкарство, Осигурување, Образование, Телекомуникации и Производство | **17** |
| **Вкупно** | | **17** |

**Прилог бр. 21: Буџет и трошоци за 2018**

| Опис | Износ/ден. |
|---|---|
| Вкупен буџет за 2019 година | 16.707.000,00 |
| Остварени вкупни трошоци | 12.818.595,00 |

**Прилог бр. 22: Структура на одобрениот буџет**




**Прилог бр. 23: Компаративна табела на одобрениот буџет за 2019 година со одобрениот буџет за 2018 година (во денари)**

| Ставка | Буџет 2018 | Буџет 2019 |
|---|---|---|
| 401-Основни плати | 9.554.000,00 | 9.356.000,00 |
| 402-Придонеси за социјално осигурување | 3.564.000,00 | 3.471.000,00 |
| 404-Надоместоци 30.000 денари | 0,00 | 30.000,00 |
| 420-Патни и дневни расходи | 400.000,00 | 350.000,00 |
| 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.850.000,00 | 1.850.000,00 |
| 423-Материјали и ситен инвентар | 230.000,00 | 230.000,00 |
| 424-Поправки и тековно одржување | 350.000,00 | 360.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 425-Договорни услуги | 560.000,00 | 500.000,00 |
| 426-Други тековни расходи | 460.000,00 | 260.000,00 |
| 464-разни трансфери | 142.000,00 | 50.000,00 |
| 480-Купување на опрема и машини | 0,00 | 100.000,00 |
| 485-Вложувања и нефинансиски средства | 0,00 | 150.000,00 |
| **Вкупно** | **17.110.000** | **16.707.000,00** |

### Прилог бр. 23-а: Графички приказ



**Прилог бр. 24: Преглед на реализација на финансиски средства по ставки во 2019 година**

| Ставка | Буџет 2019 | Реализација |
|---|---|---|
| 401-Основни плати | 9.356.000,00 | 7.602.814,00 |
| 402-Придонеси за социјално осигурување | 3.471.000,00 | 2.892.689,00 |
| 404-Надоместоци 30.000 денари | 30.000,00 | 0,00 |
| 420-Патни и дневни расходи | 350.000,00 | 252.580,00 |
| 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.850.000,00 | 1.343.478,00 |
| 423-Материјали и ситен инвентар | 230.000,00 | 145.484,00 |
| 424-Поправки и тековно одржување | 360.000,00 | 116.547,00 |
| 425-Договорни услуги | 500.000,00 | 225.282,00 |
| 426-Други тековни расходи | 260.000,00 | 125.932,00 |
| 464-разни трансфери | 50.000,00 | 49.634,00 |
| 480-Купување на опрема и машини | 100.000,00 | 0,00 |
| 485-Вложувања и нефинансиски средства | 150.000,00 | 64.155,00 |
| **Вкупно** | **16.707.000,00** | **12.818.595,00** |

**Прилог бр. 24-а: Графички приказ**



**Прилог бр. 25: Реализација на буџетот за 2019 година – СМЕТКА тип 631**

| Опис | денари |
|---|---:|
| Вкупен одобрен Буџет за 2019 година | 3.020.000,00 |
| Остварени вкупни трошоци | 7.061,00 |

**Прилог бр. 26: Преглед на реализација на финансиски средства по ставки во 2019 година**

| Ставка | Буџет 2019 | Реализација |
|---|---:|---:|
| 420-Патни и дневни расходи | 1.020.000,00 | 6.061,00 |
| 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 300.000,00 | 0,00 |
| 423-Материјали и ситен инвентар | 100.000,00 | 0,00 |
| 424-Поправки и тековно одржување | 400.000,00 | 0,00 |
| 425-Договорни услуги | 500.000,00 | 1000,00 |
| 426-Други тековни расходи | 400.000,00 | 0,00 |
| 480-Купување на опрема и машини | 100.000,00 | 0,00 |
| 483-купување на мебел | 100.000,00 | 0,00 |
| 485-Вложувања и нефинансиски средства | 100.000,00 | 0,00 |
| **Вкупно** | **3.020.000,00** | **7.061,00** |

**Прилог бр. 27: Одобрен буџет за 2019 година**



**Прилог бр. 28: Реализација на буџетот за 2019 година – СМЕТКА тип 785-17**

| Опис | денари |
|---|---:|
| Приходи пренесени од претходна година | 53.912,00 |
| Остварени вкупни трошоци | 0,00 |